**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT**
**KËSHILLI I PROKURORËVE PUBLIK I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**

Врз основа на член 28 став 4 од Законот за Јавното обвинителство на Република Северна Македонија (Службен весник на РМ бр.42/2020), Советот на Јавните обвинители на Република Северна Македонија на седницата одржана на 30. 12.2020 година донесе

# П Р А В И Л Н И К
# ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НАЧИНОТ НА ВРШЕЊЕ НА НАДЗОР НАД РАБОТАТА И ПОСТАПУВАЊЕТО НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛСТВА

## ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој правилник се утврдува начинот на вршењето на надзорот над работата и постапувањето по конкретни предмети на пониските јавни обвинителства (во понатамошниот текст надзорот).

### Член 2

Повисокото јавно обвинителство врши надзор над работата на пониските јавни обвинителства.

Јавното обвинителство на Република Северна Македонија врши надзор на работата на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција.

### Член 3

Вишите јавни обвинителства во Скопје, Битола, Штип и Гостивар вршат надзор над работата на основните јавни обвинителства за подрачјето за кое според законот се надлежни да постапуваат.

### Член 4

Надзорот на повисокото јавно обвинителство над работата на пониските јавни обвинителства и надзорот на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија над работата на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција ќе се врши согласно годишниот распоред за работа, кој го донесува јавниот обвинител на јавното обвинителство кое што го врши надзорот.

**Член 5**

Надзорот ќе се врши најмалку два пати во годината, вообичаено кон крајот на првото полугодие и крајот на тековната година, а по потреба и повеќе пати, по оценка на повисокото јавно обвинителство.

**Член 6**

Целта на вршењето на надзорот е утврдување на:

- ажурност и уредност во приемот, заведувањето, распределбата и постапувањето по предметите и други писмена;
- почитување на законските рокови за изготвување на одлуките;
- квалитетот на одлуките;
- професионално и активно учество на јавниот обвинител во сите фази на постапката.
- углед и етичност достојни за функцијата.
- соработка и однос спрема странките и другите вработени во обвинителството

**Член 7**

Надзорот ќе се извршува со вршење на увид во административното и предметното работење на обвинителството во кое што се врши надзорот.

**Член 8**

Надзорот го извршуваат работни групи определени од страна на јавниот обвинител на јавното обвинителство кое што го врши надзорот.

Во овие работни групи секогаш учествува јавниот обвинител определен како координатор за јавното обвинителство во кое што се врши надзорот определен со годишниот распоред за работа на јавното обвинителство кое што го врши надзорот, и јавен обвинител од Јавното обвинителство на Република Северна Македонија.

**Член 9**

На денот на надзорот, јавниот обвинител на јавното обвинителство во кое што се врши надзорот е должен да биде присутен, да обезбеди присуство на јавните обвинители од тоа обвинителство, како и да обезбеди други услови за нормално и непречено извршување на надзорот.

**Член 10**

По извршениот надзор јавното обвинителство кое што го врши надзорот е должно да изготви писмен извештај во рок од 30 дена со сите констатации од надзорот. Составен дел на овој извештај се и констатациите од извршениот надзор од страна на јавниот обвинител во Јавното обвинителство на Република Северна Македонија.

Еден примерок од извештајот се доставува до јавното обвинителство во кое е извршен надзорот, до Јавниот обвинител на Република Северна Македонија и до Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија.

**Член 11**

Јавниот обвинител на јавното обвинителство во кое што е извршен надзорот доколку има конкретни забелешки на изготвениот писмен извештај може за тоа писмено да го извести Јавниот обвинител на Република Северна Македонија.

**Член 12**

Повисоките јавни обвинителства, како и Јавното обвинителство на Република Северна Македонија секогаш може да бара јавниот обвинител на пониското јавно обвинителство, како и од Основниот јавен обвинител за гонење на организиран криминал и корупција, да достават конкретни податоци по конкретни предмети како во поглед на ажурноста во постапувањето, видот на одлуките и слично.

До Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија се доставуваат месечните, полугодишните и годишните извештаи за работата на јавните обвинителства и поодделно за секој јавен обвинител.

Доколку врз основа на извештаите, Советот оцени дека јавното обвинителство неефикасно и ненавремено ја извршува функцијата, со утврдените констатации за тоа ќе го извести Јавниот обвинител на Република Северна Македонија, кој врз основа на известувањето може да преземе соодветни мерки од неговата надлежност или да нареди да се изврши вонреден надзор, доколку тоа го побара Советот.

**Член 13**

Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија може по барање на член на Советот кој постапува по претставка да го овласти членот на Советот да изврши увид во предметот што е во работа или бил во работа во јавно обвинителство.

Доколку по извршениот увид членот на Советот нашол дека се работи за нестручно или несовесно работење, за тоа ќе го извести Јавниот обвинител на Република Северна Македонија.

**ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**Член 14**

Овој Правилник влегува во сила со денот на објавувањето на огласната табла и веб страницата на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија

Со денот на влегувањето во сила на овој Правилник, престанува да важи Правилникот за утврдување на начинот на вршење на надзор над работата и постапувањето на јавните обвинителства од 25.09.2008 година.

Бр.01-158/1
Скопје, 30.12.2020 година

**СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ацо Колевски**